

Објавен е Регионалниот извештај за овозможувачка околина за развој на граѓанското општество во 2014 година чиј што дел за Македонија го подготви МЦМС.

Во Регионалниот извештај се сумирани клучните наоди од **осум извештаи на земјите во Западен Балкан** (Албанија, БиХ, Хрватска, Косово, Македонија, Црна Гора и Србија) и Турција и се споредени со наоди те и резултат ите со регионалниот извештај од 2013. Извештаите од следењето во земјите беа подготвени од организации членки на БЦСДН.

Преку идентификувањето на клучните заеднички прашања се нагласуваат **приоритетит е за интервенција на регионално ниво** и се поддржуваат напорите на граѓанските организации, државните институции и Европската Унија во создавањето на што е можно подобра околина за развој на граѓанско општество.

Извештајот содржи **препораки за националните институции** во овие осум земји. Се бара соодветно спроведување во пракса на законски загарантираното право на **слобода на здружување**; почитување на законски загарантираното право на **мирно собирање** и други поврзани слободи (**слобода на изразување**); поволен **фискален третман** на граѓанските организации преку измени во релевантни даночни закони; реформирање и почитување на **механизмите за алокација и дистрибуција на државното финансирање**; стимулирање на **вработувањето и волонтирањето** во граѓански организации преку државните политики; обезбедување целосно функционални стратешки и

**институционални механизми за соработка**
меѓу граѓанското општество и владата и обезбедување вклучување на граѓанските организации во
**креирањето политики и донесувањето одлуки**
.

Извештајот е подготвен од страна на Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) , со финансиска поддршка на Европската Унија во рамките на проектот „Аки (Acquis) на Балканското граѓанско општество – Јакнење на потенцијалот и капацитетите на ГО за застапување и лобирање“.